РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 08 - 123/11
30. 01. 2026 год.
ВЕЛЕС

# СОУ „Гимназија Кочо Рацин“- Велес

# ПРОГРАМА

за изведување на завршна екскурзија за учениците од трета година

во учебната

2025/2026

## РЕЛАЦИЈА

**ВЕЛЕС – ВЕНЕЦИЈА – ВЕРОНА – ЏЕНОВА – МОНТЕ КАРЛО – НИЦА – КАН – МИЛАНО – ЗАГРЕБ – ВЕЛЕС**

## Содржина на програмата за училишна екскурзија:

- Услови за реализација;
- Воспитно-образовни цели;
- Задачи;
- Содржини и активности;
- Раководител на екскурзијата, професори и ученици;
- Тим за водење на екскурзијата;
- Времетраење на екскурзијата;
- Локации за посета и правци на патување;
- Техничка организација;
- Начин на финансирање;
- Обврски на учениците и раководителите на екскурзијата;
- Кодекс на однесување на учениците на екскурзијата;
- Изјава од родителот /старателот.
- Тим за подготовка на Програмата за училишни екскурзии за III година

Врз основа на Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта („Службен весник на РСМ“ бр. 78/25 и 132/25), се изготвува следната Програма за училишна екскурзија.

Програмата е изготвена од Тимот за подготовка на Програмата за екскурзии, формиран со Одлука на директорот.
Екскурзијата е со општ карактер и треба да ги задоволи следните цели:

1. **Општа цел на екскурзијата се**:

- Усвојување и проширување на знаењата од повеќе области;
- Развивање нови интереси и проширување и продлабочување на постоечките;
- Запознавање со културно-историските, национални и естетски вредности на други држави;
- Примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на одредени појави, природните убавини, културно-историските знаменитости на поблиската и пошироката заедница;

2. **Воспитно - образовни задачи на екскурзијата**

- Запознавање со културата, историјата и други знаменитости на други држави;
- Запознавање со културата,стилот на живеење и други занимливости на поедини области и региони, држави и градови;
- Формирање позитивен однос кон националните, интернационалните, културно-историските и естетски вредности на други места;
- Развивање,потикнување и манифестирање позитивни емоции спрема други луѓе;
- подобрување и воспоставување на меѓусебните релации, развивање и негување на другарство низ заеднички прошетки,солидарност, рекреација и забава;
- Формирање и потикнување демократски ставови према материјални и духовни добра;
- Развивање и потикнување колективна свест и заштита (спрема материјална и општествена/животна средина).
- Да ги прошири веќе стекнатите знаења за природните убавини на Република Хрватска, Република Италија, Република Франција и Кнежевство Монако

3. **Содржини и активности**

- Да ги прошири веќе стекнатите знаења за природните убавини на Република Хрватска, Република Италија, Република Франција и Кнежевство Монако
- Организирање прошетки, посета на организирани настани, организирање забавни интерактивни вечери, крстарење со брод и сл.
- Рекреативни активности соодветни за возраста и интересот на учениците со активно учество на професорите;
- Одмор и релаксација со слушање музика

4. **Раководител, наставници и ученици**

Раководител и одговорен професор за екскурзијата именува Директорот од редот на наставниците кои реализираат настава во паралелките со кои ќе се изведе екскурзијата.

За раководител на екскурзијата е именуван Марјан Стојановски -професор по Хемија и раководител на паралелка III–2, а за заменик раководител на ексурзијата е именувана Билјана Миланова – професор по Француски јазик и раководител на паралелека III-4.

Паралелки и класни раководители кои ќе бидат вклучени во изведување на екскурзијата:

III-1 - Магдалена Сарагинова
III-2 - Марјан Стојановски
III-3 - Пале Трпкова
III-4 - Билјана Миланова
III-5 - Линдита Маликова

Ученици кои ќе присуствуваат на екскурзијата се од паралелките :
**III-1, III-2, III-3, III-4, III-5**

5. **Времетраење на екскурзијата**

Завршната екскурзија се организира еднаш во текот на средното образование, ќе трае најмногу 6 (шест) дена, а ќе се реализира во месец Април/Мај 2026 година.

Почитувајќи го интересот на учениците и родителите од страна на Тимот за подготовка на Програмата за екскурзии за III година во учебната 2025/2026 година изготвен е анкетен прашалник (Дел.бр. 08-661/3 од 28.10.2025 година) со три предлог дестинации. По извршената анкета констатирано е дека 90% од учениците ја одбраа дестинацијата:
**ВЕЛЕС – ВЕНЕЦИЈА – ВЕРОНА – ЏЕНОВА – МОНТЕ КАРЛО – НИЦА – КАН – МИЛАНО – ЗАГРЕБ – ВЕЛЕС**

**Прв ден: Велес – Загреб – Лидо ди Јесоло**

Состанок на групата и поаѓање од Велес кон Загреб. Во утринските часови панорамско разгледување на Хрватската престолнина и слободна прошетка во центарот на Загреб. Во попладневните часови се поаѓа за Лидо ди Јесоло и се сместува во хотел. Следи вечера и ноќевање со појадок.

**Втор ден: Лидо ди Јесоло – Верона – Милано – Сан Бартоломео**

После појадокот се заминува кон Верона каде се разгледуваат знаменитостите Арената, Плоштадите Бра и Ербе, Куќата на Јулија и слободна прошетка во центарот на Верона. Потоа се упатува кон Милано каде се посетува Миланската скала, Миланската катедрала, Замокот Сфоретско и најстариот трговски центар Виторио Емануеле. Приквечерината се заминува кон Сан Бартоломео каде се сместува во хотел и следи вечера и ноќевање.

**Трет ден: Сан Бартоломео – Кан – Ница – Езе – Монте карло – Сан Бартоломео**

После појадокот следи заминување за Кан каде се посетува стариот град, фестивалската палата и Кроазета булевар. Потоа се поаѓа за Ница каде следи прошетка по Променад де Англе, видиковецот во Ница каде има прекрасен поглед на Азурниот брег. Следи заминување за Езе каде се посетува парфимеријата Фрагонард. Потоа се посетува Монте Карло и Монако со посебен осврт на Кнежевиот дворец, пристаништето, пистата за Формула 1. Следи заминување кон Сан Бартоломео, сместување во хотел, вечера и ноќевање.

**Четврти ден: Сан Бартоломео – Џенова Лидо ди Јесоло**

После појадокот и одјава од хотелот следи заминување кон Џенова каде се посетува Кралската палата и Аквариумот. Следи заминување кон Лидо ди Јесоло, сместување во хотел и вечера.

**Петти ден: Лидо ди Јесоло – Венеција – Трст – Велес**

Појадок и одјава од хотел. Трансфер до пристаништето Пунта Сабјони и пловење со брод до Венеција. Посета на најпознатите знаменитости: Плоштад и црква Сан Марко, Мостот Риалто, Мостот на воздишките, Дуждевата палата, Каналот Гранде. Попладне заминување од Венеција и упатување кон Трст каде се разгледува градот и се дава слободно време. Вечерта се заминува кон Велес

**Шести ден: патување кон Велес**

Со попатни паузи за одмор и царински формалности се пристигнува во Велес

Во цената е вклучено:

- Автобуски превоз на дадената релација со клима WC и ТВ;
- 2 ноќевања во Лидо ди Јесоло во хотел со минимум 3★ со вечера и појадок;
- 2 ноќевања во Сан Бартоломео во хотел со минимум 3★ со вечера и појадок;
- Влезници за посета на знаменитостите и туристичка такса
- Трансфер со брод од Пунта Сабиони кон Венеција и назад
- Обезбеден локален туристички водич при посетата на знаменитостите
- Придружник од агенцијата во секој автобус за цело време на патувањето;
- Придружба на доктор на целото патување и комплетна опрема за прва помош;
- Патничко и здравствено осигурување без франшиза за сите ученици и придружници;
- Попуст од 20% за два ученика од социјално загрозени семејства;
- Сместување и храна за 4 наставници;
- Банкарска гаранција од 15% од вредноста на договорот;
- Патничко и здравствено осигурување без франшиза.

Забелешки:

- Програмата може да претрпи мали измени во зависност од временски услови или сообраќајни околности, без да се наруши суштината на патувањето.
- Сите учесници се должни да ги почитуваат насоките на класните раководители и правилата на однесување утврдени од училиштето.
- Плаќањето се врши директно помеѓу родителот/старателот и туристичката агенција согласно договорот.

## 6. Техничка организација на изведувачот

### 6.1 Постапка за избор на изведувач

- Екскурзијата ја организира СОУ „Гимназија Кочо Рацин" – Велес, преку постапка за прибирање на понуди за организирање на екскурзии, со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника (еден на македонски јазик и еден на јазик на заедница).
- Постапката ја спроведува Комисија за избор на туристичка агенција, составена од пет члена (три родители и двајца наставници), формирана со одлука на Училишниот одбор, согласно член 20 од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта („Службен весник на РСМ" бр. 78/25 и 132/25).
- Комисијата ги разгледува пристигнатите понуди, врши евалуација и подготвува извештај со предлог за избор или поништување на постапката.

- Училишниот одбор, врз основа на извештајот на Комисијата, во рок од пет (5) работни дена донесува одлука за избор на туристичка агенција или за поништување на постапката (член 20 Правилникот).
- Училиштето го задржува правото да ја поништи постапката доколку не пристигне ниту една соодветна понуда.

**6.2 Минимални услови што мора да ги исполнува туристичката агенција**
Туристичката агенција што ќе ја организира екскурзијата мора да ги исполнува следниве минимални услови:

- да е регистрирана согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење туристичка дејност;
- да има успешно реализирано најмалку три ученички екскурзии во последните три години;
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;
- да поседува важечка лиценца за туристичка дејност и полиса за одговорност во работењето;
- понудата на понудувач кој не ги исполнува минималните услови се одбива како неприфатлива.

**6.3 Услови за реализација на екскурзијата и техничка организација**
Избраната туристичка агенција е должна да обезбеди:

- висококвалитетен автобус (со клима уред, телевизор, сигурносни појаси и технички преглед не постар од 6 месеци);
- возачи со важечко лекарско уверение (не постаро од 6 месеци) и потврда дека не возеле најмалку 12 часа пред поаѓање;
- туристички водич и локални водичи при посета на знаменитости;
- лекар со медицинска опрема за прва помош;
- сместување во хотел со најмалку 3 ѕвезди, со доручек и вечера;
- патничко и здравствено осигурување без франшиза за сите ученици и наставници;
- влезници за културни и забавни активности.

Договорот помеѓу училиштето и туристичката агенција се склучува по одлука на Училишниот одбор. Агенцијата е должна во рок од 7 дена по потпишување на договорот да достави банкарска гаранција во висина од 15% од вкупната вредност на договорот.

## 7. Начин на финансирање

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите на учениците, во согласност со **член 13**,22 и 25 **од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта** („Службен весник на РСМ“ бр. 78/25 и 132/25).

Училиштето нема финансиски обврски и не располага со средства од екскурзијата и е само посредник во постапката за организација и изведување на екскурзијата, **без должничко-доверителски однос со туристичката агенција.**

Плаќањето се врши директно помеѓу родителот/старателот и туристичката агенција. Туристичката агенција е должна да обезбеди договор за патување за секој родител/старател, во кој се наведуваат цената, роковите и начинот на плаќање, условите за откажување и осигурувањето.

Во цената на екскурзијата задолжително се вклучени:

- патничко и здравствено осигурување без франшиза за сите ученици и придружници;
- сместување, превоз, исхрана, влезници и туристички водичи, во согласност со Програмата за екскурзијата.

Цените во понудите мора да бидат фиксни и да не подлежат на промена.

Туристичката агенција треба да понуди поволности за:

- ученици од социјално загрозени семејства;
- можност за плаќање на рати;
- учество на повеќе ученици од исто семејство.

Во случај на откажување на патувањето, повратот на средствата се врши согласно условите утврдени во договорот за патување, во согласност со важечките прописи.

## 8. Обврски на учениците и раководителите на екскурзијата

Обврските и одговорностите на учениците, класните раководители, раководителот на екскурзијата и членовите на стручниот тим ќе бидат конкретизирани во Кодексот за однесување на учениците за време на училишните екскурзии.

Кодексот за однесување на учениците ќе ги содржи следниве содржини:

- Задолжително почитување на законите на нашата држава и државите во кои се изведува завршната екскурзија;
- Достојно претставување на своето училиште, градот и државата;

- Забрана за консумирање на алкохол, употреба и трговија со дрога, пиротехнички материјали;
- Забрана за носење секаков вид на оружје;
- Забрана за нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување, булинг, дискриминација и нанесување на материјална штета;
- Забрана за оддалечување од групата без дозвола на одговорниот професор и др.

Врз основа на Кодексот за однесување на ученикот и неговиот родител/старател потпишуваат изјави дека при изведувањето на екскурзијата учениците ќе ги почитуваат одредбите од Кодексот. Потпишаната изјава ученикот му ја предава на класниот раководител, најдоцна три дена пред изведувањето на екскурзијата.

Во случај на повреда на правилата, Наставничкиот совет предлага соодветна педагошка мерка согласно важечките прописи.

| ТИМ за подготовка на Програмата за училишни екскурзии за III година за учебната 2025/2026 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Име и презиме** | **Работна позиција** | **Своерачен потпис** |
| 1. | Илија Попов | Директор | |
| 2. | Марија Стојановска | Педагог | |
| 3. | Анита Смилевска | Психолог | |
| 4. | Ленче Перчинковска | Дефектолог | |
| 5. | Магдалена Сарагинова | Класен раководител | |
| 6. | Марјан Стојановски | Класен раководител и раководител на екскурзијата | |
| 7. | Пале Трпкова | Класен раководител | |
| 8. | Билјана Миланова | Класен раководител и заменик раководител на ексурзијата | |
| 9. | Линдита Маликова | Класен раководител | |
| 10. | Благица Аризанова Шопов | Наставник | |

**Раководител на екскурзијата:**

Марјан Стојановски

**ЗАБЕЛЕШКА: Програмите може да претрпат промени во зависност од потребите и состојбите во училиштето и општата здравствена - безбедносна состојба.**

Директор

Илија Попов